РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

08-421/24
05-02-2024

**ДКСК** — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**KSHPK** — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

***ОДЛУКА***

Постапката заведена под број 08-2175/1 од 14.06.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за понатамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-2175/1 од 14.06.2021 година.

Предметот со број 08-2175/1 од 14.06.2021година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-2175/1 од 14.06.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, врз основа на наводи објавени во медиуми дека ќерката на __________, обвинител во __________________ купила стан во вредност од 75.000 евра и истиот не бил пријавен во анкетниот лист за имотна состојба на обвинителката.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на обвинителката _____________ и за членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и од финансиските институции во државата. Исто така од обвинителката беше побарано да достави документи и други докази во врска со стекнување на средствата за купување на наведениот недвижен имот.

ДКСК по извршената проверка на анкетниот лист на обвинителката утврди дека предметната недвижност е пријавена како промена во текот на 2016 година. Исто така, ДКСК ги разгледа прибавените податоци од горенаведените институции и од обвинителката, и констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

